# ПОВИК ЗА АНГАЖИРАЊЕ ЕКСПЕРТ

## Општи информации

Хелсиншкиот комитет за човекови права, во рамките на проектот на проектот „*Поддршка на НВО за обезбедување правна помош на жртви на РБН и одржливи сервиси за мобилизирање локална поддршка*" поддржан од страна на Фондот за популација на ОН (УНФПА), објавува **повик за ангажирање на експерт за одржување работилница за јакнење на капацитетите на Хелсиншкиот комитет за собирање парични средства, за изготвување план за мапирање и профилирање на сојузници во приватниот сектор и за менторирање во процесот на организација и реализација на настан за собирање парични средства за одржливост на сервисот за родово базирано насилство**.

Главната цел на соработката е да се поддржи граѓанската организација да има одржливост и да обезбеди долгорочни услуги за преживеаните и жртвите на родово базирано насилство. Хелсиншкиот комитет обезбедува бесплатна правна помош за жртвите и развива соработка со сите засегнати страни на локално ниво, вклучително и бизнис секторот и институциите.

## Позиција

***Експерт за одржување работилница за јакнење на капацитетите на Хелсиншкиот комитет за собирање парични средства, за изготвување план за мапирање и профилирање на сојузници во приватниот сектор и за менторирање во процесот на организација и реализација на настан за собирање парични средства за одржливост на сервисот за родово базирано насилство***

## Избор на експерт

**На овој повик имаат право да учествуваат сите физички и правни лица што ги исполнуваат следниве критериуми:**

- **Работно искуство во областа во последните 5 години;**
- **Минимум 5 (пет) успешно спроведени настани за собирање средства; и**
- **Минимум 5 (пет) обуки/работилници за јакнење на капацитетите во релевантната област, во кои кандидатот бил обучувач.**

Искуството се докажува по пат на приложена кратка биографија (CV) или портфолио во кои се наведени обуките каде што кандидатот бил обучувач и релевантното работно искуство.

## Работни задачи

- Подготвување на концепт и методологија за спроведување на работилницата
- Утврдување на целите на работилницата
- Подготовка на материјали за спроведување на работилницата

- Подготовка на план/стратегија за мапирање и профилирање на сојузници во приватниот сектор за добивање финансиска поддршка, во договор со Хелсиншкиот комитет за човекови права
- Менторство во процесот на организација и реализација на настан за собирање парични средства
- Постојана комуникација со проектниот тим на Хелсиншкиот комитет за човекови права за спроведување на сите задачи, вклучително и утврдување на роковите за нивно завршување

**<u>Спроведување на работните задачи</u>**

Времетраењето на ангажманот ќе започне веднаш по склучување на договорот и ќе трае до завршување на активностите, односно до 31 март 2025 година.

Хелсиншкиот комитет ќе потпише договор со надворешниот соработник (физичко или правно лице) каде што ќе бидат дефинирани меѓусебните права и обврски.

**<u>Начин на пријавување</u>**

За пријавување на овој повик кандидатите треба да достават:

- професионална биографија (CV) или портфолио, вклучително со обуките каде што кандидатот бил обучувач и релевантното работно искуство; и
- финансиска понуда за реализирање на активностите

Документите за пријавување задолжително да се достават на имејл адресата natasha.petkovska@mhc.org.mk најдоцна до 07.02.2025 година со назнака „Избор на експерт“. По доставување на пријавите, тимот на Хелсиншкиот комитет ќе ги оценува во неколку чекори: проверка дали се доставени потребните документи; евалуација на персоналните биографии или портфолија и евалуација на финансиските понуди.
За дополнителни прашања, Хелсиншкиот комитет за човекови права ви стои на располагање на горенаведената имејл адреса.

Скопје, 04.02.2024 година.